Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

# У К А З
# ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ФИНАНСИСКИОТ ДОГОВОР ЗА ЗАЕМ НА РАЗВОЈНАТА БАНКА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ ЗА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА, СРЕДНО ПАЗАРНО КАПИТАЛИЗИРАНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ЗЕЛЕНА ТРАНЗИЦИЈА, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ ЕВРОПСКАТА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА И РАЗВОЈНАТА БАНКА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ

Се прогласува Законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Финансискиот договор за заем на Развојната банка на Северна МАКЕДОНИЈА АД Скопје за мали и средни претпријатија, средно пазарно капитализирани претпријатија и зелена транзиција, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 14 јуни 2023 година.

Бр. 08-3257/1
14 јуни 2023 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
Стево Пендаровски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р Talat Xhaferi, с.р.

# З А К О Н

## ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ФИНАНСИСКИОТ ДОГОВОР ЗА ЗАЕМ НА РАЗВОЈНАТА БАНКА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ ЗА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА, СРЕДНО ПАЗАРНО КАПИТАЛИЗИРАНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ЗЕЛЕНА ТРАНЗИЦИЈА, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ ЕВРОПСКАТА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА И РАЗВОЈНАТА БАНКА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ

### Член 1

Република Северна Македонија го гарантира исполнувањето на обврските од Финансискиот договор за заем на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје за мали и средни претпријатија, средно пазарно капитализирани претпријатија и зелена транзиција во износ од 100.000.000 евра, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, доколку Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје не ги исполнува и сервисира обврските во рокови и услови предвидени во Финансискиот договор.

### Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон се утврдуваат со Финансискиот договор за заем на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје за мали и средни претпријатија, средно пазарно капитализирани претпријатија и зелена транзиција, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје.

### Член 3

Сите финансиски обврски кои произлегуваат од Финансискиот договор за заем на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје за мали и средни претпријатија, средно пазарно капитализирани претпријатија и зелена транзиција ќе ги сервисира Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје.

### Член 4

Заемот од членот 1 од овој закон ќе се повлекува во најмногу 20 транши. Минималниот износ на траншата изнесува 5.000.000 евра.

За секое повлекување на износот од заемот во транша Европската инвестициона банка ќе издаде Известување за повлекување, во кое ќе бидат утврдени конечните финансиски услови на траншата, меѓу кои се: износот на траншата, датумот на исплата, каматната стапка, рокот на отплата и останатите услови за повлекување на средствата.

Рокот за отплата на секоја транша од заемот, освен на транша за обртни средства, може да изнесува од четири години до 12 години од датумот на повлекување на траншата, со вклучен грејс период кој може да биде меѓу 30 дена и четири години од датумот на повлекување на траншата. Рокот за отплата на заемот ќе се одреди за секоја транша одделно во известувањето за повлекување на траншата. Траншата може да се отплати и еднократно на ден кој е помеѓу три и осум години од денот на повлекување на траншата.

Рокот за отплата на транша за обртни средства може да изнесува од четири години до пет години од датумот на повлекувањето на траншата, со вклучен грејс период, кој може да биде меѓу 30 дена и една година од датумот на повлекување на траншата. Рокот за отплата на заемот ќе се одреди за секоја транша одделно во известувањето за повлекување на траншата. Траншата за обртни средства може да се отплати и еднократно на ден кој е три години од денот на повлекување на траншата.

Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје ќе ѝ плати на Европската инвестициона банка еднократна провизија во висина од 50.000 евра во рок од 30 дена од денот на склучувањето на Финансискиот договор за заем на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје за мали и средни претпријатија, средно пазарно капитализирани претпријатија и зелена транзиција.

Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје ќе ѝ плаќа на Европската инвестициона банка провизија за неповлечени средства од заемот во висина од 0,1 % од заемот на годишно ниво.

Провизијата за неповлечени средства од заемот ќе почне да се пресметува по 24 месеци од денот на потпишувањето на Финансискиот договор за заем на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје за мали и средни претпријатија, средно пазарно капитализирани претпријатија и зелена транзиција.

Член 5

Каматната стапка ќе се одредува за секоја транша од заемот одделно во известувањето за повлекување на траншата.

Член 6

За регулирање на меѓусебните права и обврски, кои произлегуваат од Финансискиот договор за заем на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје за мали и средни претпријатија, средно пазарно капитализирани претпријатија и зелена транзиција и од Договорот за гаранција, Министерството за финансии и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје ќе склучат посебен договор.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.